x2

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ**
**И ВРСКИ**
**Бр. 15 Уп.-330/7**
**28. 02. 2005 год.**
**С К О П Ј Е**

Министерството за транспорт и врски, решавајки по барањето на Инвеститорот ФЗЦ "11 Октомври" од Куманово за издавање на Решение за употреба на инвестиционит објект "Адаптација на постојниот погон "Битуменизација" за користење на природен гас и изведување на приклучок кон постојниот внатрешен гасовод во постојниот комплекс на фабриката "11 Октомври" во Куманово", а врз основа на член 28 од Законот за изградба на инвестициони објекти ("Сл. весник на СРМ" бр. 15/90), Правилникот за начинот на вршење на технички преглед на изградени инвестициони објекти ("Сл. весник на СРМ" бр. 26/90), како и Записникот и предлогот на Комисијата за технички преглед на инвестициониот објект, го донесува следното

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ДАВА НА УПОТРЕБА и може да се користи за предвидената намена Инвестициониот објект "Адаптација на постојниот погон "Битуменизација" за користење на природен гас и изведување на приклучок кон постојниот внатрешен гасовод во постојниот комплекс на фабриката "11 Октомври" во Куманово" чиј Инвеститор е ФЗЦ "11 Октомври" од Куманово.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за технички преглед, одредена со Решение на Министерот за транспорт и врски со бр. 15 Уп.-330/2 од 21.10.2002 год., по извршениот технички преглед на изведените работи на објектот, изведбената документација и актите донесени во врска со изградбата на инвестициониот објект "Адаптација на постојниот погон "Битуменизација" за користење на природен гас и изведување на приклучок кон постојниот внатрешен гасовод во постојниот комплекс на фабриката "11 Октомври" во Куманово", како и инвестиционо-техничката документација изработена од Претпријатието за производство и инженеринг "Енерго Систем" АД Скопје, во својот записник на ден 27.05.2003 година го утврди следното :

Работите се изведени од страна на Претпријатието за производство и инженеринг "Енерго Систем" АД Скопје согласно документацијата за која е издадено Одобрението за градење бр. 07 Уп.I-94/8 од 05.08.1999 год. издадено од Министерството за урбанизам и градежништво транспорт и врски.

На техничкиот преглед комисијата даде предлог изведените работи да се примат откако недостатоците наведени во точките 18. 1, 2, 3, 4, 5, 6, и 7 од Записникот се отдстранат и тоа во рок од 15 дена за што Инвеститорот беше должен по писмен пат да го извести надлежниот орган. На 13. 06.2003 год. Инвеститорот со допис бр. 03-1411 од 11.06.2003 год. го извести органот дека постапил по забелешките наведени под точките 18. 2, 3 и 9 но во известувањето не беа опфатени и забелешките наведени во точките 18. 1, 4, 5, 6 и 7 од Записникот, а кои се услов за издавање на бараното Решение за употреба заради што Министерството за транспорт и врски побара од Инвеститорот да се изјасни дали е постапено по наведените забелешки и тоа со допис бр. 15 Уп.-330/4 од 15.01.2004 год.

Инвеститорот на 16.02.2004 год. со допис бр. 03-169 од 30.01.2004 год. го извести органот дека постапил по забелешките наведени во Записникот за технички преглед но со истиот не ги достави бараните докази - Атести за што овој орган со допис бр. 15 Уп.-330/6 од 26.02.2004 год. побара инвеститорот баранит докази да ги достави како потврда дека е постапено по наведените забелешки. Со известувањата бр. 03-909 од 19.03.2004 год. и 03-2893 од 15.10.2004 год. инвеститоорт ги достави бараните докази по што членовите на комисијата за технички преглед извршија увид во доставените докази и атести и оценија дека е постапено по забелешките наведени во Записникот од техничкиот преглед, а кои беа услов за издавање на бараното Решение за употреба.

Согласно предлогот на Комисијата за технички преглед и дополнително доставената документација со горе наведените известувања, утврдено е дека се исполнети условите од член 28 од Законот за изградба на инвестициони објекти и член 10 и 12 од Правилникот за начинот за вршење на технички прегледи на изградени инвестициони објекти, па се донесе Решение како во диспозитивот.

ПОУКА : Незадоволната страна има право на жалба, преку ова Министерство, до Владата на Република Македонија - Комисија за решавање на управни работи од втор степен од областа н урбанизмот и градежништвото, во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Одобрение. Жалбата се таксира со 200,00 денари административни таксени марки.

Таксата по тарифа бр. 1 и 69 од Законот за измена и дополна на Законот за административни такси ("Сл. весник на РМ" бр.20/96) во износ од 3050,00 денари е наплатена и дополнително приложена со барањето.

ДОСТАВЕНО ДО ;

-Инвеститор
-Републички инспекторат
-Архива x 2

Министер,
Џемали Мехази

СКОПЈЕ